Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (,Службен весник наРепублика Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 17-а став 2, член 26 и член 26-а од Законот за завните претприатија (,Службен весник на Република Македонија" бр .38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06,22/07, 8 3/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/1.4, 138/14, 25/15, 61/15,39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19,89/22,274/22 и 208/24), член 2 од Правилникот за формата и содржината наавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите (,,Службен весник на Република СевернаМакедонија" бр.213/2024) и член 87 став 2 од Статутот на Општина Дебар (Службен гласник на општина Дебар бр.2/18, 10/19, 22/19, 11/20, 12/22 и 14/22), а по предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Дебар објавува:

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА ДЕБАР - KOMUNA DIBËR
СОВЕТ НА ОПШТИНА - KËSHILLI I KOMUNËS
Бр./Nr. 08-266/1
08.04. 2026 год./viti.
ДЕБАР - DIBËR

ЈАВЕН ПОВИК

ЗА ПРОЈАВУВАЊЕ НА ИНТЕРЕС ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ Н А КАНДИДАТИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВЕН ОДБОР И НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП „СТАНДАРД" - ДЕБАР

ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на јавниот повик е спроведување на постапка за избор на пет членови во управен и три членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско го работење на ЈКП „Стандард" .

Постапката ќе с е спроведе согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за приравување на кандидати за избор на член на управен инадзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесуване на приавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите (Службен весник на РепубликаСеверна Македонија" бр.213/2024).

ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите лица кои ќе изразат интерес за пријавување и кои ги исполнуваат условите предвидени во јавниот повик. Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Дебар, како и на веб страната на ЈКП ,,Стандард''.

УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЛАТИЈА

За член на управен одбор и надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈКП ,,Стандард'' – Дебар може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија

- да има стекнати намалку 240 кредити според ЕКТ или завршен VII степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавни претпријатија –
- со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Членовите на управниот одбор на ЈКП ,,Стандард''- Дебар треба да имаат намалку пет-години работно искуство од кои:

-Најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа н а финансиското работење и

-Најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи.

Членовите на надзорниот одбор на ЈКП ,,Стандард'' треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:

- еден член на надзорниот одбор, треба д а има намалку пет години работно искуство,
- еден член н а надзорниот одбор треба да има намалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и еден член на надзорниот одбор треба да има намалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор и на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работене на ЈКП ,,Стандард'' изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

## РАБОТНИ ЗАДАЧИ, ОДГОВОРНОСТИ, ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ ВО УПРАВЕН ОДБОР И НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Согласно член 19 од Законот за Јавните претпријатија, Управниот одбор ги извршува следните работни задачи, одговорности, права и обврски и тоа:

Управниот одбор на јавното претпријатие го донесува статутот на Јавното претпријатие, ги усвоува програмата за работа и развој на јавното претпиатие, ја утврдува деловната политика, го усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на Јавното претпријатие, одлучува за употребата на средства остварени со работењето на Јавното претпријатие и покривањето на загубите, ги донесува одлуките за инвестиции, ги утврдува цените на производите и услугите, одлучува за внатрешната организација на Јавното претпријатие, го донесува актот за утврдуване на висината на вредноста на бодот за пресметуване на платите на вработените во јавното претпријатие и друго.

Согласно член 27 од Законот за Јавните претпријатија, следните работни задачи, одговорности, права и обврски и тоа:

-Заради вршење на работите на контрола, надзорниот одбор за контрола може да врши испитување на лице место на сите документи и списи на Јавното претпријатие.
-Надзорниот одбор за контрола може заради испитување на документите и списите на јавното претпријатие да повика стручни лица кои ке му помагаат в о решаваето на надзорот.
- Членовите на надзорниот одбор за контрола можат да присуствуваат на седницата на управниот одбор и им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на управниот одбор.
- Надзорниот одбор за контрола задолжително ги прегледува тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатие и по прегледувањето му дава мислење на управниот одбор.
Управниот одбор не може да ги усвои тримесечните извештаи кои соджат показатели за финансискотоработење, годишните сметкии извештајот за работењето на јавното претпријатие ако претходно не добие позитивно мислене од надзорниот одбор за контрола.
-Надзорниот одбор за контрола може да дава одобрение на актите донесени од управниот одбор, доколку то е утврдено со статутот на јавното претпријатие.

Извештајот за прегледот на годишните сметки и извештајот за работењето на Јавното претпријатие со свое мислење, надзорниот одбор за контрола му го доставува на министерот за финансии. Во извештајот до министерот за финансии, надзорниот одбор за контрола го известува за состојбата на јавното претпријатие врз чие работење врши контрола.
Надзорниот одбор за контрола копија од извештаот му доставува и на министерот надлежен за работите на соодветната дејност.

Претседателот на надзорниот одбор на јавното претпријатие или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува членот на надзорниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата на Советот на општината, кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на надзорниот одбор на јавното претприрајтие.
-Надзорниот одбор задолжително с е состанува намалку четири пати годишно.

## НАЧИН Н А ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнуване на условите за член на управниот одбор и надзорниот одбор на ЈКП ,,Стандард'' :

-Уверение за државанство на Република Северна Македониа;
-Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
-Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна

санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

-Потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија;
Историјат за работните односи о д Агенцијата за вработуване на РСМ;
- Кратка биографиа;
- Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи од областа за коа треба да бидат членовите на управниот, односно надзорниот одбор издадени од овластени односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ

Постапката за селекција на кандидатите за членови во Управен одбор и Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работене на ЈКП ,, Стандард'' се состои од две фази и тоа:

Фаза 1 - административна селекциа (фаза во коа се врши проверка на внесените податоци во пријавата со условите од авниот повик кои треба да се идентични со условите утврдени во Законот за Јавните претпријатија, како и на доставените докази и се врши нивно бодуване) и

Фаза 2 - интерву (фаза во која преку ситуациони и стручни прашања и практични задачи се проверуваат општите и посебните работни компетенции на кандидатот и с е врши нивно бодуване, а се поставуваат и општи прашана с о кои с е проверува интересот имотивацијата на кандидатот за работата, прашања за неговото претходно работно искуство, очекувањата на кандидатот и сл.).

Точниот датум, време и место н а одржуване н а интервуто ке бидат објавени на веб страната на Општина Дебар.

РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАНЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Завниот повик се објавува на ден 08.04.2026 година и трае 3 (три) дена, односно надоцна до 10.04.2026 година.

Пријавените кандидати, соодветната документација во хартиена форма во оригинал или копиа заверена на нотар заедно со пополнета Призава на образец за приавување (Прилог бр. 1 ) да а достават до:
Архивата на Општина Дебар, Ул.„8-ми Септември" бр.72 , Дебар (со назнака: За јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидат за избор на член во Управен одбор/Надзорен одбор за контрола на материално-финансиското работене на ЈКП ,,Стандард'' – Дебар.
Незадоволните кандидати од изборот за членови во управен одбор и надзорен одбор за контрола на материално-финансиското работење на јавното претпријатие имаат право даповедат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Прилог бр. 1

| | | |
|---|---|---|
| 1<br><br>2 | Назив и седиште на јавното претпријатие<br><br>Име и презиме | |
| 3 | Место на живеење (улица и бро) | |
| 4 | Телефон за контакт | |
| 5 | Е-маил/e-mail | |
| 6 | Кратка биографиа | |
| 7 | Уверение з а джаванство | |
| 8 | Уверение или диплома за завршено високо образование | |
| 9 | . Доказ за соодветно работно искуство наведено воравниот повик (потврда од ФПИОСМ з а евидентиран стаж) | |
| 10 | Сертификати, лиценци, уверениа, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции з а нивно издаване согласно закон | |
| 11 | Потврда дека со правосилна судска пресуда не ми изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршеѕена професија, дејност или должнот | |

Образец за пријавуване по јавен повик за пројавуване на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен/надзорен одбор на ЈКП ,,Стандард" – Дебар.

Потпис на подносителот

Датум

Пополнува примачот на пријавата

Архивски број на пријавата
Датум на прием на пријавата Потпис и печат година

Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

**Претседател на Советот на Општина Дебар**

**Африм Кркути**